**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр. 03-715**
**03.04 2015 година**
**Скопје**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-2577/1 од 01.04.2015 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради тоа што рекламирањето и телешопингот не се јасно препознатливи и одвоени од другите делови на програмата, од страна на Трговското радиодифузното друштво „РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА“ ДООЕЛ Скопје, Директорот на Агенцијата на ден 03.04.2015 година го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка - опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузното друштво „РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА“ ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 98 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14 и 132/14), а казнива по член 149 став 1 точка 8 и став 2 од истиот Закон, на начин што на радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузното друштво „РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА“ ДООЕЛ Скопје, на 11 март 2015 година, било регистрирано емитување на реклами што не биле јасно одвоени од другите делови од програмата.

   Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-2577/1 од 01.04.2015 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузното друштво „РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА“ ДООЕЛ Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14,

101/14 и 132/14), директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој Закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи - Одделението за програмски и административен надзор, на 31 март 2015 година, извршила редовен програмски надзор (мониторинг) на радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузното друштво „РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА" ДООЕЛ Скопје, емитуван на 11 март 2015 година, при што констатираше прекршување на член 98 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а казниво по член 149 став 1 точка 8 и став 2 од истиот Закон, односно дека на 11 март 2015 година, е регистрирано емитување на реклама (Fervex) на спонзорот на програмскиот сегмент временска прогноза што не е јасно препознатлива и одвоена од другиот дел на програмата, односно не е означена како реклама, туку е емитувана веднаш по најавата на спознорот.

Рекламирањето и спонзорството се различни форми на аудиовизуелни комерцијални комуникации. Објавите на радиодифузерот во врска со спонзорите на програмите, според Законот (член 100 став 2) не се сметаат во дозволеното времетраење на рекламирањето и на телешопингот на еден реален час. Во една спонзорирана програма, покрај тоа што мора јасно да се означи спонзорот, како што во овој програмски сегмент е коректно направено, е дозволено да се емитуваат и реклами на спонзорот, кои мора јасно да се означат како реклами. Во конкретниот случај, по одјавата на програмскиот сегмент временска прогноза во која уште еднаш е потенцирано дека сегментот е спонзориран од Fervex, е емитувана рекламата на спонзорот без претходно да се означи со џинглот што радиото го користи за означување на рекламите. И по завршувањето на рекламата не е емитуван џинглот за рекламирање, но пак, се емитувани најави за идентификација на радиото, што е дозволена практика за одвојување на рекламирањето од другиот дел на програмата, на крајот на рекламата/рекламниот блок.

Повредата од точка 1 став 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-2577/1 од 01.04.2015 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-2577/1 од 01.04.2015 година, поради констатирано непочитување на одредба од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон Трговското радиодифузното друштво „РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА" ДООЕЛ Скопје, се презема мерка – опомена и со кое на радиодифузерот му наложи, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-2577/1 од 01.04.2015 година.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузното друштво „РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА" ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузното друштво „РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА" ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во правното лице;
- Секторот за правни и економско-финансиски работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги – СКОПЈЕ
Примено: 01.04.2015
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
10 | 2577 | 1 |

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. Вид надзор: редовен

2. Субјект на надзорот: радио програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје

3. Период опфатен со надзорот: 11 март 2015 година

4. Датум на извршување на надзорот: 31 март 2015 година

5. Предмет на надзорот:

   - Членовите 53, 54, 98, 99, 100, 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);

   - Правилник за спонзорство („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/15);

   - Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);

   - Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);

   - Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);

   - Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (емитување игри на среќа).

6. Претходно изречена мерка: нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, од 11 март 2015 година, е констатирано **прекршување на член 98 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (рекламирањето и телешопингот треба да бидат јасно препознатливи и одвоени од другите делови на програмата со звучни средства).

Во неколку наврати во анализираниот ден е регистрирано емитување на реклама (Fervex) на спонзорот на програмскиот сегмент временска прогноза што не е јасно препознатлива и одвоена од другиот дел на програмата, односно не е означена како реклама, туку е емитувана веднаш по најавата на спонзорот.

Рекламирањето и спонзорството се различни форми на аудиовизуелни комерцијални комуникации. Објавите на радиодифузерот во врска со спонзорите на програмите, според Законот (член 100 став 2) не се сметаат во дозволеното времетраење на рекламирањето и на телешопингот на еден реален час. Во една спонзорирана програма, покрај тоа што мора јасно да се означи спонзорот, како што во овој програмски сегмент е коректно направено, е дозволено да се емитуваат и реклами на спонзорот, кои мора јасно да се означат како реклами. Во конкретниов случај, по одјавата на програмскиот сегмент временска прогноза во која уште еднаш е потенцирано дека сегментот е спонзориран од Fervex, е емитувана рекламата на спонзорот без претходно да се означи со џинглот што радиото го користи за означување на рекламите. И по завршувањето на рекламата не е емитуван џинглот за рекламирање, но пак, се емитувани најави за идентификација на радиото, што е дозволена практика за одвојување на рекламирањето од другиот дел на програмата, на крајот од рекламата/рекламниот блок.

| Наслов на емисија | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| Неодвоена реклама на Fervex | 08:10:55 | 08:11:22 |
| Неодвоена реклама на Fervex | 09:09:10 | 09:09:15 |
| Неодвоена реклама на Fervex | 10:09:36 | 10:10:05 |
| Неодвоена реклама на Fervex | 11:07:10 | 11:07:15 |
| Неодвоена реклама на Fervex | 12:12:56 | 12:13:23 |
| Неодвоена реклама на Fervex | 13:08:06 | 13:08:10 |
| Неодвоена реклама на Fervex | 14:07:58 | 14:08:25 |
| Неодвоена реклама на Fervex | 15:10:45 | 15:10:49 |
| Неодвоена реклама на Fervex | 16:51:10 | 16:51:39 |
| Неодвоена реклама на Fervex | 18:07:02 | 18:07:06 |
| Неодвоена реклама на Fervex | 20:07:36 | 20:08:04 |
| Неодвоена реклама на Fervex | 22:08:06 | 22:08:10 |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 98 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** на радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно

друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, на 11 март 2015 година, е регистрирано емитување на реклами што не се јасно одвоени од другите делови од програмата.

9. Предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговско радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*